2021




# ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОПШТИНА КРУШЕВО

Предлог буџетската иницијатва е изработена во рамки на проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ финансиран од Европската унија.

# Предлог буџетска иницијатива за Општина Крушево

Број на население:

- Мажи- 4.727
- Жени- 4.549
- Вкупно- 9.276

Површина: 190,68 км$^2$

*Податоците се преземени од ДЗС и веб-страната на општина Крушево.*[1]



Единиците на локалната самоуправа како одговорни тела за планирање на општинскиот буџет и креирање буџетските програми во општините воедно ја носат и одговорноста за примена на партиципативно и родово одговорно буџетирање.

Партиципативно и родово одговорно буџетирање на локално ниво претставува вклучување на локалните граѓани (жени, мажи, маргинализирани и ранливи категории на граѓани) во процесот на подготовка на општинскиот буџет и неговите приоритети, заедно со општинската администрација.

Пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 значително влијаеше и го забави процесот на достигнување родова рамноправност, а особено на локално ниво каде активностите предвидени со програмите за еднакви можности или родова еднаквост во најголем дел не се спроведоа а средствата предвидени со локалните буџети беа реалоцирани.

Во претстојниот период следи процесот на креирање на предлог буџетските програми на единиците на локалната самоуправа. Со цел родово одговорно и партиципативно буџетирање во општината Крушево во рамки на проектот „Низ женски леќи“ подготвена е оваа предлог буџетска иницијатива која ги застапува интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попреченост, маргинализираните жени и мажи (

---

[1] Државен Завод за Статистика- Население во Република Македонија на 30.06.2019 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, по години, според промените во територијалната поделба од 2014 година

од етничка, религиозна или сексуална природа) и жени и мажи од ранливите возрасни групи (млади и постари граѓани).

Предлог буџетската иницијатива подготвена од Центарот за истражување и креирање политики се заснова на:

- Родова анализа на општинските програми за 2020/2021 во општината Крушево
- Форум во заедницата-Приоритетни области и активности за граѓаните на општина Крушево

Тимот на проектот „Низ женски леќи" во месец март 2020 спроведе родова анализа на општинските програми со која беше утврдено во кои програми на општината е односно не е вклучена родовата перспектива. Со анализата беа дадени и препораки за областите во кои е потребно да се вклучи родовата перспектива.

Форумот во заедницата во општина Крушево се одржа во месец мај и имаше за цел идентификување на проблемите и решенијата како и приоритизирање на истите од страна на граѓаните кои живеат и/или работат на територија на општина Крушево користејќи родова перспектива.

## Родова анализа на општинските програми за 2020/2021 на општина Крушево

Општината Крушево има изработено повеќе програми во кои во некоја мера се предвидени различните потреби на мажите и жените, како што се програма за одржување патишта, за справување со кучиња скитници, зимско одржување и јавна чистота.

Програмите не беа доставени за анализа бидејќи наведоа дека во нив нема никаков родов индикатор ниту било каков сегмент поврзан со родовата еднаквост и еднаквите можности. Тоа што е предмет на анализа е програмата за родова рамноправност на КЕМ за 2019 година, како и интегрираниот план за локален економски развој на општината во кои оценуваме дека е интегрирана родовата перспектива.

Во програмата за ***родова рамноправност*** положбата на жената е разгледувана од неколку аспекти каде што се предвидува унапредување на нејзината положба во повеќе области. Па така во областа ***жената во одлучувачките структури*** се предвидуваат конкретни активности со индикатори како да се унапреди вклученоста на жената во процесите на донесување на одлуки во општината, воведување на родов пристап во процесите на креирање на политики при што во делот на активности предвидени се обуки и процес на менторирање за воведување на родово-одговорно буџетирање и родов пристап во политиките. ***Економско јакнење на жената*** е планирано преку активности за зголемување на бројот на жени претприемачи, но и олеснување на достапноста на пазарот на труд за жените од општината. Во областа ***едукација и покревање свест*** за родовата еднаквост фокусот е ставен на туристичко-угостителските дејности и бројот на жени и девојчиња

вклучени во истите  за кои се предвидени едукации и обуки. Дефиниран е и родов индикатор односно број на запишани девојчиња во угостителските струки.

Во областа ***здравство*** предвидени се едукацијата за сексуално преносливите болести, абортус, рак на дојка како и број на лекарски прегледи за рано откривање на рак на дојка, а во областа ***родово-базирано насилство вклучувајќи и трговија со луѓе*** е предвидена јавна кампања за заштита и превенција, а предвидено е и промовирање на родовата еднаквост во културата преку манифестацијата Вечери на женските права. За реализација на активностите се предвидени 50.000 денари од годишниот општински буџет за Програмата за КЕМ. Како и да е средствата најчесто остануваат нереализирани согласно ставовите на претседателката на КЕМ поради другите приоритети поставени од страна на општината.

За разлика од претходно наведените области, во интегрираниот план пак за ***локален економски развој*** само на почеток се споменува дека истиот е изработен и во согласност со акцискиот план за родова еднаквост меѓутоа во истиот нема никакви родови индикатори ниту пак посебни приоритети, цели или активности кои што се насочени кон унапредување на положбата на жената во општината. Родово-разделени податоци за корисниците на програмите нема.

*Заклучок:*

**Општината Крушево ја има интегрирано родовата перспектива при изработката на анализираната програма за работа на општината, а истото се забележува и во одвојувањето средства од буџетот за родови прашања. Области во кои се предвидени родови цели, приоритети или активности се: здравство, образование, донесување на одлуки, економско јакнење, превенција на родово засновано насилство и култура.**

*Препораки:*

- ✓ *Имплементирање на родова перспектива во планирањето и креирањето на програмите за сите области во општината;*
- ✓ *Развивање на програма за превенција и заштита од родово базирано насилство на локално ниво*
- ✓ *Поставување на повеќе жени на позиции на донесувачи на одлуки во општината особено на чело на урбаните и месните заедници.*
- ✓ *Користење на родово сензитивен јазик и собирање родово поделени податоци за корсниците на сите програми*
- ✓ *Воведување на родовата перспектива во сите програми преку користење на родова анализа на потребите и родовите јазови што ќе доведе и до креирање родово одговорен буџет.*

## Резултати од Форум во заедницата во општина Крушево

Форумот во заедницата во Крушево се одржа онлајн преку три последователни сесии.

- I сесија 10.05.2021 Идентификување на проблеми
- II сесија 17.05.2021 Идентификување на решенија
- III сесија 19.05.2021 Приоритизирање на решенијата и проблемите

На форумот во заедницата учествуваа вкупно 87 учесници од кои 59 жени и 28 мажи. Учесниците беа претставници од локалните државни институции, граѓанските организации како и граѓани кои живеат на територија на општина Крушево.

Преку форумите во заедницата се овозможи вклучување на граѓаните, посебно на целните групи кои се главен фокус на проектот со цел обезбедување услови за приоретизирање на програмите и проектите како и истовремено подобрување на структурата на програмите во општините во кои се спроведува проектот.

## Приоритетни проблеми и решенија кои беа избрани од граѓаните на општина Крушево се следниве:

| Проблеми и решенија | Бодови | Ранг |
|---|---|---|
| П: Недоволно сопствени извори на вода вклучени во водоснабдувањето на општина Крушево<br>Р: Зафаќање на нови извори или дозафаќање на веќе постоечките извори од Бушова планина;<br>Р: Подобрување на водоснабдување на град Крушево | 108 | 1 |
| П: Нема доволно паркинг простор во општината особено за време на туристичката сезона<br>Р: Да се асфалтира обиколницата во општина Крушево и да се дополни со нови паркинг места | 95 | 2 |
| П: Недостаток на логопеди во училиштата<br>Р: Вработување на логопеди уште во предшколска возраст | 94 | 3 |
| П: Намален број на ученици кои што се запишуваат во средното училиште во Крушево;<br>Р: Обезбедено сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година стручно образование,<br>Р: Доделување на еднократна помош за оние ученици кои ќе се запишат во прва година | 92 | 4 |
| П: Диви депонии кои што може да се забележат на различни локации надвор од градот<br>Р: Чистење и одржување на хигиената во градот и неговата околина | 91 | 5 |
| П: Недостаток на комунална инспекција, нема комунален инспектор во општината<br>Р: Вработување комунален инспектор и поставување/ангажирање/вработување комунални редари | 90 | 6 |
| П: Недоволен број на училници во училиштата во руралните средини;<br>Р: Општината да направи проект за доизградба и реконструкција на 1 училница и една наставничка канцеларија во с. Норово и 3 училници и 1 | 89 | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| наставничка канцеларија во с. Саждево | | |
| П: Голем број на кучиња скитници во општината<br>Р: Формирање прифатилиште за кучиња скитници во соработка со прифатилиште од Кривогаштани | 89 | 7 |
| П: Нема решение за затоплување на спортската сала<br>Р: Загревање со топлотни пумпи на спортската сала во градот | 88 | 9 |
| П: Недоволна урбанизација на влезот на градот и во руралните средини<br>Р: Чистење на влезовите на градот и уредување на местата погодни за паркови | 86 | 10 |
| П: Недостаток на надгледни и наставни средства и во училиштата во централното подрачје, како и во подрачните училишта во руралните средини поради недостаток од финансиски средства<br>Р: Посебна ставка во буџетот на Општината за набавка на нагледни и наставни средства за во основно и средно училиште | 85 | 11 |
| П: Неасфалтиран појас околу хотелите<br>Р: Асфалтирање патниот појасот околу хотелската зона во градот | 85 | 11 |
| П: Недостаток на терени за физичка активност во централните и подрачните училишта<br>Р: Изградба на спортски терени во подрачните училишта во с. Алданци, с. Борино и с. Врбоец , а во с. Саждево, с.Белушно. и с.Норово изградба на наменски игралишта | 84 | 13 |
| П: Недоволен број на лица за вработување особено во приватниот сектор особено во делот на туризмот и угоститетлството<br>Р: Насочување на младите за избор на дефицитарни струки и привлекување на пролирана работна сила од околните општини | 82 | 14 |
| П: Нема доволно културно уметнички настани во општината<br>Р: Организирање летен музички камп, ликовна изложба, настани поврзани со културната и уметничка традиција на општина Крушево | 82 | 14 |

**Приоритетни програми во кои е потребно да се вметнат активностите:**

- Програма за урбанизација и инфраструктура
- Програма за образование
- Програма за млади и спорт
- Програма за туризам и култура
- Програма за локален економомски развој
- Програма за социјална заштита
- Програма за животна средина
- Програма за родова еднаквост

**Препорака:** Во програмите како крајни корисници да се обрне особено внимание на потребите на:

- Жените и девојчињата
- Жените и деца жртви на насилство
- Лица со физичка и/или интелектуална попреченост
- Економск зависни жени

- Стари лица
- Млади лица

**Проблемите и решенијата кои беа идентификувани од граѓаните на општина Крушево поделени по области се следниве:**

Социјална и здравствена заштита и заштита од заразни болести

1.1.Набавка на нова мобилна апаратура и за мажи и за жени и за сите возрасни групи (9.800 жители има општина Крушево) при што во различен период ќе може да го користат сите за превенција и подобрување на нивното здравје;
1.2.Ангажирање на физиотерапевт со постојано вработување (еден или двајца се на територија на цела општина)
2.1 Општината да обезбеди, назначи или вработи, лице за контакт со лица со потешкотии во развојот при нивното движење или посета на некоја институција
2.2. Редовно чистење на снегот во зимски усллови и обезбедување на лице за контакт со институциите кои се избрани на тендер за чистење на снегот
3. Продолжување на проектот Општинско корисна работа со ангажман на 4 лица кои наредните 6 месеци ќе обезбедуваат услуги за стари и сами лица за одржување на хигиена и обезбедување храна на дневна основа

Образование и воспитно-образовни институции

1.Општината преку проект за образовни асистенти преку општокорисна работа да обезбеди пракса, а понатаму и вработување на логопеди уште во предшколска возраст
2.1 Обезбедено сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година стручно образовние (изградба на интернат) кое ќе го покрива Општината
2.2 Доделување на еднократна помош за оние ученици кои ќе се запишат во прва година
3. Општината да направи проект за доизградба и реконструкција на 1 училница и една наставничка канцеларија во с. Норово и 3 училници и 1 наставничка канцеларија во с. Саждево
4. Посебна ставка во буџетот на Општината за набавка на нагледни и наставни средства за во основно и средно училиште
5. Изградба на спортски терени во подрачните училишта во с. Алданци, с. Борино и с. Врбоец , а во с.Саждево, с.Белушно. и с.Норово изградба на наменски игралишта

Животна средина и комунална дејност

1.1.Расчистување на дивите депонии и организирање на акции на локалното население како помош на општината за расчистување на овие депонии
1.2.Оградување на локациите на ваквите диви депонии за да не може да се фрла ѓубре и поставување на информативни табли со натписи “Не фрлај отпад!„
1.3.Едукативна кампања преку флаери, летоци заедно со комуналните сметки
1.4.Спроведување на информативна кампања преку социјалните медиуми;

1.5.Организирано подигање на кабаст отпад од страна на комуналното претпријатие преку претходна најава од страна на граѓаните до комуналното претпријатие
2.Континуирано апелирање и информирање преку месечни сметки (летоци) и кампања на социјални медиуми,
3.1.Подобрување на водоснабдување на град Крушево, со откривање на комерцијалните загуби или кражби на вода;
3.2. Апелирање за рационално користење на водата во оние периоди кога има загуби
3.3. Реконструкција на секундарна вода заради технички загуби поради дотраена канализација;
3.4. Зафаќање на нови извори или дозафаќање на веќе постоечките извори од Бушова планина преку договор со општина Македонски Брод на чија територија спаѓаат дел од изворите
4.Склучување на договор за меѓуопштинска соработка и отстапување на комунален инспектор со околните општини;
4.1.Вработување комунален инспектор и поставување/ангажирање/вработување комунални редари

Локален Економски развој

1. Да се воспостави континуирана соработка помеѓу општината и локалниот бизнис сектор
2.Да се направи прифатилиште за кучиња скитници во соработка со прифатилиште од Кривогаштани
3.Да се продолжи со стимулирање на младите да се профилираат таму каде што се потребите на бизнис секторот во општината
4.Да се работи на привлекување на профилирана работна сила и од другите општини преку мотивирање и стимулирање со добра плата и здравствено и пензиско осигурување
5. Да се асфалтира обиколницата во општина Крушево и да се дополни со нови паркинг места

Туризам, култура и спорт

1.1. Да се организира летен музички камп, ликовна изложба, настани поврзани со културната и уметничка традиција на општина Крушево
1.2. Да се организираат домашни и меѓународни спортски турнири во одбојка, фудбал и тенис
2. Решение за загревање со топлотни пумпи за затоплување на спортската сала во градот
3. Да се афалтира појасот околу хотелската зона во градот
4. Редовно чистење на влезот и периферијата на градот, уредување на местата погодни за паркови, поставување на клупи за одмор итн.
5.Промоција на туризмот и руралниот туризам преку традициналните настани: Василица и други, изградба на пешачки патеки и зони итн.

## Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост

Проектот „Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“ се имплементира од страна на проектните партнери: Центар за истражување и креирање политики, Новинари за човекови права, Рурална Коалиција, Ромска Асоцијација за жени и млади-Лулуди и ЕХО-Штип. Имплементацијата на проектот ќе се одвива од јануари 2021 до април 2024, а финансиски е поддржан од Европската Унија. Главна цел на проектот е поттикнување на проактивноста на граѓанското општество преку зајакнување на вмрежувањето, користејќи РОБ методи за соработка со локалната самоуправа и формирање на локални политики и буџети за решавање на различните потреби на жените и мажите, особено на најранливите и маргинализираните групи во 17 целни општини во време на криза.

Општините во кои се имплементира проектот се: Чаир, Шуто Оризари, Брвеница, Теарце, Кавадарци, Неготино, Делчево, Македонска Каменица, Пробиштип, Радовиш, Гевгелија, Крушево, Кривогаштани, Струга, Вевчани, Старо Нагоричане и Липково. Целите на проектот ќе бидат постигнати преку спроведување на три главни активности: Мобилизација на граѓани, градење на капацитетите на граѓанските оранизации и промовирање на Мрежата за родово одговорно буџетирање како партнер на општините.

Проектот е синхронизиран и дополнително ќе ги зајакне капацитетите на постоечката неформална Мрежа за родово одговорно буџетирање со проширување на членството со ГОи од целните општини и застапувајќи ги интересите на руралните жени и мажи, сиромашни жени и мажи, жени и мажи со попречености, малцински жени и мажи (етнички, религиозни, сексуални) и жени и мажи од ранливите возрасни групи: млади и постари граѓани.

This project is funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на имплементаторите на проектот и на никаков начин не ги изразува гледиштата на Европската унија.